**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Бр. Скопје, ___.___. 2010 година

Врз основа на член 68 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), член 57 став 1 точка 9, член 154 став 1 точка 9 и став 3, член 168 точка 1, член 169 и член 172 од Законот за банките („Службен весник на РМ“ бр. 67/2007 и 90/2009), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се издава претходна согласност за престанување со работа на „Штедилница Фершпед“ ДОО Скопје.

2. Дозволата за основање на „Штедилница Фершпед“ ДОО Скопје, издадена со Решението на гувернерот на Народната банка на Република Македонија бр. 02-14/356-93 од 19.11.1993 година, се укинува.

3. Се утврдува дека се исполнети условите за спроведување ликвидациска постапка на „Штедилница Фершпед“ ДОО Скопје.

4. Од денот на донесувањето на ова решение, до денот на уписот на ликвидаторот во трговскиот регистар, „Штедилница Фершпед“ ДОО Скопје треба да престане со извршувањето на сите активности, освен со наплатата на побарувањата.

О б р а з л о ж е н и е

На 15.03.2010 година, единствениот содружник на „Штедилница Фершпед“ ДОО Скопје (понатаму во текстот: Штедилницата) го достави Барањето бр. 44-03 до Народната банка на Република Македонија за добивање согласност за престанување со работа и ликвидација на Штедилницата.

Кон Барањето е доставена документацијата определена во член 169 од Законот за банките.

Со Решението на гувернерот на Народната банка бр. 02-14/356-93 од 19.11.1993 година, е издадена дозвола за основање на Штедилницата. Основач на Штедилницата е „Фершпед“ АД Скопје.

На 25.03.2010 година, единствениот содружник на Штедилницата ја донесол Одлуката за ликвидација на Штедилницата, бр. 02-55/2/7, којашто ќе стапи на сила по добивањето согласност од гувернерот на Народната банка.

Како причини за поднесување на Барањето се наведени малите добивки во изминатите години, потребата од водење поагресивна политика на пласирање на средствата заради остварување поголема добивка, конкурентноста на банките

преку кредитирањето на населението, потребата од усогласување на работењето со регулативата на Народната банка.

Кон Барањето е доставен предликвидациски биланс на Штедилницата со состојба на 26.03.2010 година.

Овластени работници на Народната банка, на 24.03.2010 и 26.03.2010 година, извршија делумна теренска контрола заради утврдување на состојбата во Штедилницата.

Со контролата е утврдено дека на 01.03.2010 година, Штедилницата како отстапувач и „Комерцијална банка" АД Скопје како примач, склучиле Договор за отстапување побарување. Штедилницата £ отстапила на Банката побарувања врз основа на договори за краткорочни и долгорочни заеми во износ од 34.576 илјади денари од две правни лица и 215 физички лица. Исто така, биле пренесени и отпишани побарувања од едно правно и четири физички лица во износ од 2.651 илјада денари. Во спецификацијата на должниците, којашто е составен дел на Договорот, биле наведени обезбедувањата врз основа на кредити. Примопредавањето на сите докази и исправи коишто се составен дел на кредитните досиеја било извршено со записник, парафиран од договорните страни. Според известувањето на Штедилницата, сите кредитокорисници биле известени за отстапувањето на побарувањата.

Ликвидацискиот биланс на Штедилницата со состојба на 26.03.2010 година, е следниов:

во илјади денари

| **АКТИВА** | **26.03.2010** | **ПАСИВА** | **26.03.2010** |
|---|---|---|---|
| Парични средства | 31.203 | Обврски по депозити | 6 |
| Останати побарувања | 305 | | |
| Нематеријални средства - софтвер | 302 | | |
| **Вкупна актива** | **31.810** | **Вкупна пасива** | **31.810** |
| | | **Нето-вредност** | **31.804** |

Од наведениот биланс на состојба се утврдува дека, со состојба на 26.03.2010 година, нето-вредноста на Штедилницата изнесува 31.804 илјади денари.

Паричните средства се состојат од средства на сметката на Штедилницата којашто се води во „Комерцијална банка" АД Скопје во износ од 30.966 илјади денари, средства во благајната во износ од 8 илјади денари и средства врз основа на задолжителна резерва кај Народната банка во износ од 229 илјади денари. Останатите побарувања се состојат од платена аконтација на данокот на добивка во износ од 2 илјади денари, како и побарување врз основа на повеќе платен данок на добивка во износ од 303 илјади денари. На 06.04.2010 година, 6 илјади денари од паричните средства се префрлени во Фондот за осигурување на депозити. Нето-износот на нематеријалните средства е во износ од 302 илјади денари, а се однесува на софтверот на Штедилницата.

Со непосредната контрола се утврди дека со состојба на 26.03.2010 година, Штедилницата нема основни средства. Тие се продадени на основачот врз основа на Одлуката за продажба и отуѓување основни средства, бр. 52.03 од 18.03.2010

година, донесена од страна на управителот на Штедилницата. Исто така, Штедилницата во целост ги наплатила пласманите во финансиски друштва.

На 26.03.2010 година, Штедилницата има обврски врз основа на штедни влогови, во вкупен износ од 6 илјади денари. Се работи за штедни влогови на 230 физички лица чијшто поединечен износ е до 100,00 денари. Поради тоа што Штедилницата не можела да ги исплати овие поединечни износи, на 06.04.2010 година износот од 6 илјади денари е уплатен на сметката 100000000065035 на Фондот за осигурување на депозити. Премијата за осигурување на депозитите за март 2010 година е платена на 04.03.2010 година.

По разгледувањето на доставената документација се оцени дека Барањето е во согласност со член 169 од Законот за банките, поради што се одлучи како во точка 1 од диспозитивот на ова решение.

Имајќи предвид дека Штедилницата има нето-вредност од 31.804 илјади денари, исполнети се условите за отворање ликвидациска постапка на Штедилницата, поради што се одлучи како во точка 3 од диспозитивот на ова решение.

Врз основа на член 154, став 1, точка 9 и став 3 од Законот за банките се одлучи како во точките 2 и 4 од диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА:
Незадоволната страна може да поднесе
тужба до надлежниот суд
за решавање управни спорови,
во рок од 30 дена по приемот на
Решението.

Гувернер
м-р Петар Гошев